# ВЕЖБА 2: ВНЕСУВАЊЕ ТЕКСТУАЛНИ ОБЈЕКТИ ВО ЦРТЕЖОТ. ЦРТАЊЕ ЕДНОСТАВНИ ПРАВОЛИНИСКИ ФИГУРИ. КОПИРАЊЕ И ПОМЕСТУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ.

**• Внесување текст во таблицата на цртежот**



Текстуалните објекти во цртежот се внесуваат со командата MTEXT во командниот прозорец, или со избор на иконата Multiline Text на алатникот за цртање (икона во облик на буква A).

За внесување на текстот во таблицата, потребно е да се зумира таблицата на цел екран, со користење на командата ZOOM>WINDOW. Откако ќе се зумира таблицата на најголемиот дел на екранот, се кликнува на копчето Multiline Text, или се внесува командата MTEXT во командниот прозорец.

Потребно е да се внесат границите на прозорецот во кој што ќе биде сместен текстот. Најпогодно е тоа да се направи со глувчето. По тоа, се отвора прозорец за уредување на текстуалните објекти (слика долу).




Се внесува текстот на цртежот и се дефинираат својствата на текстот.

Внесувањето на командата MTEXT се врши за секој поединечен текстуален објект.

**• Цртање едноставни геометриски фигури**

Со примена на командата LINE треба да се нацртаат неколку едноставни геометриски фигури, оформени од прави линии. Координатите на почетните и крајните точки на линиите се дадени во продолжение:

| | |
|---|---|
| LINE | LINE |
| 60,205 | 150,195 |
| 60,245 | 130,195 |
| 95,245 | 140,210 |
| 95,205 | 130,210 |
| CLOSE | 140,230 |
| | 130,230 |
| | 150,250 |
| | ENTER |

**• Копирање и поместување на објекти**

Копирање на објектите се врши со избор на копчето  поставено на алатникот за модификација на објекти. Се селектираат објектите за копирање, а потоа со десен клик се прекинува селектирањето. Се избираат почетна точка и крајна точка на копирањето.

Поместувањето се врши со избор на копчето  на истиот алатник. Се селектираат објектите за поместување, а потоа со десен клик се прекинува селектирањето. Се избираат почетна точка и крајна точка на поместувањето.




Конечен изглед на задачата